Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-414/21
датум 03-12-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.
**Комисијата за надзор на ден 03.11.2025 година во 10:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Гостивар** за контролниот период **од 2022 до 2025 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2022 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Ељеса Алији и судскиот администратор Бобан Димовски.

Со помош и донација од Канцеларијата на Турската агенција за соработка и координација (ТИКА) во Македонија, на двапати била донирана опрема во вкупна вредност од 150.000 евра - донација од канцелариска опрема и ИТ опрема - компјутери и принтери во 2025 година и претходно преку проект на ТИКА во 2013 година. Во судот целокупната ИТ опрема е обезбедена преку проектот на ТИКА, а салата за состаноци целосно реновирана и модерно уредена.

Судот е сместен во зграда во која се сместени повеќе институции: Основниот и Апелациониот суд Гостивар, Основното и Вишото јавно обвинителство Гостивар и Државното правобранителство Гостивар. Неодржливо е ова просторно решение за било која од наведените институции. Просториите на основниот суд се малку. Нема простории за судии поротници, за адвокати, за пробација, од причина што 5 институции се сместени во судската зграда.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

| |
|---|
| **Препорака: Секоја од наведените институции да биде сместена во посебна зграда.** За да се почитуваат меѓународните стандарди за независно судство, меѓу другото, секој суд треба да биде сместен во посебна зграда наменета само за судот. |

Во изминатите две години во повеќе наврати од страна на судот било доставено барање до Судскиот буџетски совет за буџет потребен да се обнови електрична инсталација. Многу често во судот има прекин во снабдувањето со електрична енергија што предизвикува чести дефекти на информатичката опрема и привремена нефункционалност на АКМИС. Одговор од Судскиот буџетски совет не бил доставен. Освен донациите од ТИКА, судот никогаш не добил позитивен одговор за доставените барања до Судскиот буџетски совет. Видлива е потребата од реновирање и на другите простории во судот. Во притворското одделение во судот во моментот на надзорот се вршеше реновирање. Хигиената во судот ја одржува една хигиеничарка која е задолжена за цела зграда, што е преголем обем и оптеретување за истата.
Во однос на претходната забелешка од Комисијата дека е потребно да се обезбеди лифт, претседателот на Апелациониот суд Гостивар се обратил до надлежни стручни лица, но зградата е стара и нема можност бидејќи се сместени повеќе институции во зградата: Основно и Вишо јавно обвинителство Гостивар, Апелација Гостивар и Државно правобранителство Гостивар. Конструкцијата на зградата не дозволува да се обезбеди лифт.
На товар на Основниот суд Гостивар се сите режиски трошоци за парно, вода, струја за сите институции во зградата, освен 1 тон нафта кои ги намирува државното правобранителство, од потребни 20 тона нафта годишно.
Судот има две возила во возна состојба.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа**
   Програма за работа Су.бр.393/25, доставена дополнително од судот.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во април 2025 година биле распоредени 5 нови судии. Од 26 систематизирани судиски места, пополнети се 21 судиско место, вклучувајќи го и претседателот на судот, од кои 4 судии се делегирани во други судови: 3 судии во ОС Кичево и еден

судија во ОС Тетово. Претседателот на судот не суди, освен во КС совет. Оптимална бројка на пополнетост според претседателот на судот се 24 судии.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 03 бр.17/22 (измена заради подолго отсуство боледување (два -три месеци)
Су 03-30/22 од 27.12.2022 година, Су бр.03-30/22-1 од 20.03.2023 година
Су бр.03-5/24 од 28.12.2023 година за 2024 година, Су бр.03-5/24 од 17.01.2024 година - само на еден судија му се доделуваат ППНИ, Су бр.03-5/24-2 од 06.03.2024 година, Су бр.03-5/24-3 од 28.03.2024 година, на граѓанските судии им се доделуваат да постапуваат по ППНИ предмети, Су бр.03-5/24-5 од 01.04.2024 година, Су. Бр.03-5/24-4 од 11.06.2024 година.
Измена на распоредите била вршена заради избор на нови судии и делегирање на судии. Заради зголемен обем на работа заради предмети по експропријација, сите судии во граѓанскиот оддел постапуваат по ВПП предмети основ експропријација, а во ВПП уписник еден судија постапува по сите други предмети во ВПП.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Нема план за годишни одмори. Годишните одмори се регулирани со решенија за годишен одмор, а со тоа не е надмината препораката од комисијата за надзор во изминатите години.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирана служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработен еден информатичар Пандорка Димова Динговска, на работна позиција советник. Во судот имало вработено информатичар на определено, но по истекот на договорот не му е продолжен работниот договор.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Одговорен за следење на судска практика е судија Реџеп Асани.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Портпарол на судот е судијата Драгослава Веселинова.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Од предвидени 183 судски службеници по систематизација, само 69 места се пополнети, 6 судска полиција и 1 хигиеничар за целата зграда на судот, односно 37% пополнетост. Состојбата со вработените во судот е алармантна.

| |
|---|
| **Препораката** за пополнетост на суд со најмалку 75% од систематизацирани работни места важи и за овој суд, согласно што Судскиот буџетски совет потребно е да преземе мерки. |

Судски администратор е судскиот службеник Бобан Димоски. Со евиденција на распореди се распоредува судската служба, формален распоред за судските соработници беше доставен дополнително под Су бр.07-01/25 од 08.01.2025 година, и распоред на судски референти кој не е заведен под СУ број.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2022, 2023, 2024 и 2025 година.**

Редовно се врши надзор, записник бр.СУ03-54/24 од 24.09.2024 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Комисијата беше известена дека редовно се одржуваат седници и колегиум со судиите Су.бр.116/24, Су.бр.295/24, Су.бр.383/25, Су.бр.374/25, Су.бр.383/25.

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Су бр.145/25 - од граѓански оддел на 23.04.2025 година
Су 116/24
Су бр.295/24, од 29.10.2024 година во врска со акционен план за решавање на стари нерешени предмети

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Најчесто се одржува редовен стручен колегиум согласно известувањето од судот. Су.бр.116/24, Су.бр.295/24, Су.бр.145/24, Су.бр.03-54/24-2

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Нема доставено извештај за реализација на програмата за работа, која е нова од 2025 година. Редовно доставуваат годишен извештај до Судскиот совет кој е објавен на веб страница на судот. Комисијата направи увид на веб страницата каде се објавени годишните извештаи за работа на судот Су 03 бр.5/25-1 , Су 22/24-1. На веб страницата на судот објавени се и годишните извештаи за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2023 и 2024 година.

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су бр.03-5/24, Су бр.03-2/22.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Гостивар за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Су 03-54/23 , Су бр.112/24.

16. **Надзор над работата на нотарите.**

Претседателот на суд редовно врши контроли, со укажување до нотарите со оглед на големиот број на оставини, со постар датум. Најстариот предмет е од 2014 година.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 СД)**

Нема организирани обуки за АКМИС во изминатиот период, освен специјализирана обука за Cisco мрежи наменета за информатичарот, во организација на Академија за судии и јавни обвинители. Информатичарот има секојдневна комуникација со вработените во судот на различни теми и решавање на секакви тековни проблеми

од областа на АКМИС. Вработените во судот се добро обучени за работа со АКМИС системот и добро го познаваат функционирањето на системот.

## 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

Во судот има околу 100 работни станици, од кои најголем дел се персонални компјутери понови од 2019 година. Во судот има и работни станици со Win 7 оперативен системи кои во најскоро време треба да бидат заменети затоа што претставуваат ранливост во мрежата. Со последната донација од ТИКА, реализирана во 2025 година, има обезбедено 20 нови компјутери.

## 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Има списоци со уредно дефинирани привилегии по корисници и уписници. Направен е увид во хартиена форма на документите Су - 07 бр.1/23 од 03.04.2023 година, Су-07 бр 1/25 од 26.03.2024, Су -07 бр. 1/25 од 08.01.2025 година.
Списоците не се внесени во АКМИС.

## 20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Има списоци со кориснички привилегии.

## 21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Извршен е увид во хартиена форма на Су 03 бр.01/22, Су 03 бр.01/23, бр.7/23, бр. 10/23, Су бр.03-26/24, Су бр.3- 6/25. Дополнително беа доставени дежурства за возачи судии и записничари евидентирани под Су бр.03-1-12 од 1.12.2022,Су бр.03-1-4 од 01.04.2025 година, Су бр.03-12/23 од 3.4.2023 година, Су бр.03-8/24 од 01.02.2024 година, Су бр.316/23 од 01.10.2025 година
Дежурствата не се евидентирани како акти во АКМИС, не се внесени во месечниот календар на дежурства, со тоа не е надмината препораката дадена од претходната комисија за надзор.

## 22. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на влезни документи. Во судот има доволен број на скенери и со тоа комплетно се опремени одделенијата во судот кои го вршат скенирањето на документите.

## 23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

## 24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот Пандорка Димова Динговска со одлука, која беше дополнително доставена од страна на судот како број , Су.бр.547/2013 година.
Распределба и прераспределба на предмети се прави во одделение од страна на службеници уписничари во одделенијата.
Автоматска распределба се прави еднаш дневно во 12 часот во граѓанско - парничен оддел, и после 14 часот во другите оддели.

## 25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2022, 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)

Во судот од распределба се исклучуваат судии од автоматска распределба со годишен распоред и измени на годишен распоред, со дежурства и со боледување подолго од пет дена. Одлуките од 2025 година се без образложение, додека пак постарите, оние од 2024 година се прецизно напишано образложение. Во 2023 година воопшто немаат изготвено такви одлуки за исклучувањата. Не се внесуваат во АКМИС.

| |
|---|
| Препорака: Задолжително во одлуките за вклучување и исклучување на судии да се внесува образложение. |

## 26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022, 2023, 2024 и 2025 година

Су ИЗЗ бр.56/22 од 12.12.2022 година
Су ИЗЗ бр.43/22 од 25.10.2022 година
Су.Изз бр.8/23 од 07.02.2023 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Су ИЗЗ бр. 51/23 од 04.09.2023 година
Су ИЗЗ бр. 85/24 од 03.12.2024 година
Су ИЗЗ 22/25 од 23.04.2024 година
Су ИЗЗ бр.26/24 од 17.05.2024 година
СУ ИЗЗ 28/24 од 23.05.2024 година
Су ИЗЗ бр.96/25 од 01.09.2025 година
Су ИЗЗ бр. 11/25 од 29.09.2025 година

Сите се уредно внесени во АКМИС.

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Во судот нема одлуки за рачна распределба.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

На денот на надзорот беше направен увид во следните предмети избрани по случаен избор:

- МАЛВП - 27/22 - Поднесен/примен/заведен на ден 09.02.2022, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 10.02.2022 година, автоматски прераспределен на ден 07.11.2022 година по одлука на претседател и повторно прераспределен автоматски на ден 12.12.2022 година со одлука за изземање.
- К бр. 566/22 - Поднесен/примен/заведен на ден 21.10.2022, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 21.10.2022 година, автоматски прераспределен на ден 25.10.2022 година со одлука за изземање
- П4 - 16/23 - Поднесен/примен/заведен на ден 13.02.2023, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 14.02.2023 година.
- П1 - 303/23 - Поднесен/примен/заведен на ден 31.08.2023, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 01.09.2023 година, автоматски прераспределен на ден 04.09.2023 година со одлука за изземање.
- МАЛВП - 167/24 - Поднесен и примен на ден 21.10.2024 година, заведен на ден 22.10.2024, автоматски распределен на ден 22.10.2024 година, примен од

страна на судија 26.112024 година, автоматски прераспределен 4 пати со одлука на претседател и два пати прераспределен рачно со одлука за изземање. (Странка во предметот е судија во ОС Гостивар и поради тоа се изземаат сите судии)

- К - 283/25 - Поднесен/примен/заведен на ден 14.07.2025 автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судија 15.07.2025 година.
- ПЛ1 - ТС бр. 52/24 - Поднесен и примен на ден 13.05.2024, заведен на ден 14.05.2024, рачно распределен истиот ден и примен од страна на судија на ден 20.05.2024 година, автоматски прераспределен на 20.05.2024 и потоа рачно прераспределен истиот ден.
- ПРК - О-46/24 - Поднесен/примен/заведен на ден 29.04.2024, распределен со копче судија истиот ден и примен од страна на судија на ден 02.05.2024 година, автоматски прераспределен на ден 23.05.2024 година со одлука на претседател.
- ПЛ1 П бр. 17/25 - Поднесен и примен на ден 29.05.2025, заведен на ден 30.05.2025, автоматски распределен на ден 30.05.2025 и примен од страна на судија 02.06.2025 година, автоматски прераспределен на 29.09.2025 со одлука за изземање.
- ПРК-С бр.1384/24 - Поднесен/примен/заведен на ден 29.08.2024, распределен со копче судија истиот ден и примен од страна на судија на ден 29.08.2024 година.

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

На денот на надзорот во 12 и 15 часот има 63 новопримени предмети кои чекаат да бидат распределени.
На денот на надзорот увидени се повеќе распределби во ист ден за периодот од 21.06.2022 година до денот на надзорот. За 5 предмети забележани се повеќе распределби во ист дени, и тоа за следните предмети:
К-434/22 забележани се 18 обиди на распределба, ПРК-О-5/25 - 12 обиди, ПРК-С-1413/23 - 6 обиди, П1-255/22 - 2 обиди и П1 -349/22 со 8 обиди на распределба.

**Одговор од судот**
Честопати во програмата АКМИС се случува да има пробем со доделување на ист судија на поврзани предмети кога новата бројка на предметот при заведување на предмет се поврзува со претходниот број на истиот предмет.

1. Предметот К.бр.434/22 е со статус погрешно заведен на ден 22.07.2022 година. Бројот на предметот е поврзан со бројот К.бр.817/20 со причина Укинат по

РПЛ и ст судија еднакво ДА. По предметот К.бр. 817/20 постапувала судијата Емине Мурати кој предмет е укинат по редовен правен лек од страна на Апелациониот суд Гостивар со Решение КЖ.бр.238/21 следствено кога предметот се вратил повторно во работа како укинат предмет добива нов број и треба да припадне кај истиот судија. Предметот добива нова бројка К.бр.434/22 и е поврзан со старата бројка К.бр.817/20 и треба да се додели кај судијата Емине Мурати. Судскиот службеник уписничар кој го заведувал се обидувал да го додели кај судијата Емине Мурати и тоа 18 пати и не успеал што се гледа од распределбите дека ниту еднаш со копчето судија не била избрана од страна на програмата АКМИС судијата Емине Мурати. Од оваа причина предметот е заведен како погрешно заведен заради тоа што не бил доделен кај судијата Емине Мурати која треба да постапува по него. Предметот повторно е заведен со бројка К.бр.452/22 и по овој предмет постапува судијата Емине Мурати и распределен е во еден обид.

2. Предметот ПРК-О-5/25 е предмет од итен карактер (итен-странец) и како таков е работен за време на дежурство. Следниот ден е заведен во програмата АКМИС и судскиот службеник –уписничар се обидувала да го додели кај дежурниот судија Ељеса Алији кој нема ознака ПРК-О затоа што не постапува по овие предмети. По 11 неуспешни обиди во консултација со систем администраторот на програмата АКМИС му е доделена ознака ПРК-О на дежурниот судија и предметот е доделен кај судијата Ељеса Алији.
3. Предметот ПРК-С- 1413/23 е поврзан со предметот ПРК-С-3065/2022 и тоа со причина УКИНАТ по РПЛ и ист судија ДА. Предметот ПРК-С-3065/22 е укинат и по него постапувала судијата Мерита Алиу , од таа причина предметот требала да се додели кај ист судија т.е кај судијата Мерита Алиу. По 5 обиди со копче судија предметот не е доделен кај судијата Мерита Алиу. За да на 5.05.2023 при повторен обид предметот е доделен кај судијата Мерита Алиу.
4. Предметот П1-255/22 е поврзан со предметот П1-256/21 со причина укинат од ист судија-не. По предметот П1-256/21 постапувал судијата Реџеп Асани и предметот бил укинат од страна на Апелациониот суд Гостивар . Затоа што во 2022 година судијата Реџеп Асани не постапувал по парнични предмети предметот е доделен на друг судија. Од страна на судскиот службеник е доделен два пати со копче судија за тоа да се поништи и да се додели автоматски како што требало да постапи и судскиот службеник –уписничар на самиот почеток а се со цел да се избегне неправилна распределба.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

5. Предметот П1-349/22 е поврзан со предметот П1-348/22 кој е времена мерка и автоматски е доделен кај судијата Весна Попоска. Потоа стигнала тужба која е заведена со број П1-349/22 и според напаствијата од работното тела за работа на програмата АКМИС предметот П1-349/22 треба да се поврзе со времената мерка П1-348 /22 заради спојување на досие и при тоа да се додели на ист судија. Со оглед што Акмисот не го доделил веднаш кај судијата Весна Попоска со после 8 обиди е доделен кај судијата Весна Попоска со копче судија.

Препорака: Работното тело во Врховниот суд и Едусофт да утврдат дали е можно отстранување на проблемите кои ги посочиле од судот и дали е почитувана процедурата за постапување согласно напатствијата на Работното тело.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма - нема.**

**Во судот се води посебна програма за автоматско рамномерно доделување на оставински предмети кај нотарите на подрачје на судот.**

Во судот имаат посебна програма за автоматска распределба за оставински предмети. На прашањето од страна на Комсијата дали е ова интерно разработена апликација која врши подеднакво распоредување на предмети за оставина на нотари, судот го даде следниот одговор:
Оставинските предмети се заведуваат во програмата редовно. Заради тоа што на подрачјето на Основен суд има 9 нотари кои се доделуваат во предметите со ознака О во полето ОСТАНАТИ ЛИЦА и во АКМИС програмата не е овозможена рамномерна распределба и затоа заради рамномерна распределба од страна на Основниот суд Гостивар е направена посебна интерна апликација со која автоматски се доделуваат Нотарите.

Препорака: Работното тело во Врховниот суд да ја разгледа можноста за автоматска рамномерна распределба преку АКМИС за доделување на оставински предмети кај нотарите. Исто така, Советот за ИКТ да ја има предвид оваа препорака за подобрување на АКМИС системот во судовите.

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Судот има вкупно 6 судници, од кои три од нив се опремени со опрема за аудио снимање. Снимањето во пракса се реализира само во една судница затоа што се користи од страна само на еден судија.
За контролираниот период вкупно се одржани 2123 процеси со тонско снимање.

**32. Електронска достава**

Електронска достава се врши до адвокати и во одредени случаи и до нотари.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су бр.338/24 од 20.12.2024 година,
Су бр.433/23 од 21.12.2023 година,
Су бр.541/22 од 22. 12.2022 година,
Су бр. 622/21 од 16.05.2022 година.

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022, 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су бр. 622/21 од 22.12.2021 година,
Су бр.541/22 од 22.12.2022 година,
Су бр, 433/23 од 21.12.2023 година ,
Су бр. 338/24 од 20.12.2024 година.

**35. Внатрешни процедури**

Су бр. 622/21 од 22.12.2021 година,
Су бр.541/22 од 22.12.2022 година,
Су бр, 433/23 од 21.12.2023 година,
Су бр. 338/24 од 20.12.2024 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су бр.338/24-8 од 12.06.2025 година,
Су бр. 433/23-13 од 13.12.2024 година,
Су бр. 541/22-2 од 15.03.2023 година,
Су бр. 622/21-7 од 14.06.2022 година

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Редовно се објавуваат новости на веб страницата на судот. Честопати имаат посети од Правен факултет Визион со претставници на студенти и професори, како и од средните училишта ученици од правна насока.

38. **Огласна табла на судот**

Физичка огласна табла има на влез на судот. Електронската огласна табла не фукнционира и затоа сите објави наменети за на огласна табла се објавуваат во делот Вести на веб страната на судот.

39. **Простории за судии поротници и за адвокати**

Немаат просторија за судии поротници и адвокати - немаат просторни услови.

40. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

После извршената анонимизација на одлуките од страна на дактилографите и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

## 41. Архива

Една од подобрите архиви во судовите во државата. Просторијата е целосно реновирана и чиста. Сите предмети се подредени по ред и по години и сите се наредени во нови метални ормари. Вработен од судот посебно се грижи за самата архива и уредно се води книга за евиденција за сите предмети посебно.

Увидот заврши на ден 03.11.2025 во 13:00 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk